РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО
СУ.бр.01--/2018
02.2018 година
К и ч е в о

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО

## ЗА 2017 ГОДИНА

**КИЧЕВО ФЕВРУАРИ 2018 ГОДИНА**

# ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

## ВОВЕД

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО како самостоен и независен државен орган во рамките на судскиот систем и во 2017 година ја вршеше својата судска функција врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори, ја обезбедуваше примената на правото, заштитата на човековите слободи и права во рамките на својата основна надлежност.

Со презентацијата на овој Годишен извештај, се остварува принципот на транспарентност во извршување на неговите функции, заради информирање на јавноста за сите аспекти на функционирањето на судот како битен сегмент на судската власт, како би се зголемила правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија .

Согласно основната надлежност во извештајната 2017 година за работата на Основниот суд во Кичево во овој извештај ке бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2017 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот за работата на судот.

Овој извештај е правен врз основа на податоците добиени од АКМИС системот.

## ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работа во судот ги опфака предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот прикажани преку сумарниот преглед на предметите по области, опис на предметите по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2017 година, вкупно предмети во работа во 2017 година, решени предмети во 2017 година и односот на намалувањето односно зголемувањето на незавршени предмети на 31.12.2016 година во однос на нерешени предмети на 31.12.2017 година.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА ВО СУДОТ

На 01.01.2017 година останати предмети од претходната година во овој суд има 1416, примени нови во 2017 година има 15381 предмет, 281 се повторно заведени предмети, 5 погрешно заведени предмети или вкупно во работа биле 17.073 , од кои решени се 15.903 предмети, или 93,14%, а останале нерешени 1170 предмети или 6,85%.

Од горните показатели следува дека судот со ново примените предмети 15.657 и решените 15.903 го совладал тековниот прилив и го намалил заостатокот на предметите за 246 предмети .

Поради, примена на новиот  ЗКП , нормално се очекуваше и намалување на приливот на предметите за разлика од претходните години .

Споредбено со претходната година може да се каже дека во 2017 година намален е  приливот на предметите во кривичниот оддел и тоа во кривичните предмети за полнолетни лица, зголемен е приливот во прекршочните предмети, но и зголемен е приливот на предметите во граѓанскиот оддел.

**ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА НА СУДОТ**

**ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА**

Од  претходната 2016 година има останато 1 нерешен предмети, примени  во 2017 година има 132 предмети или вкупно во работа во 2017 година имало 133 предмети (К-ПП, ), завршени се вкупно 131 предмети, или 98,49% , а 1 предмет е останат нерешен или 0,76%.

**КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА**

Од 2016 година од овој вид на предмети останале нерешени 59 предмети, ново примени во извештајната  2017 година се 170 предмети и 18 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 247 предмети од нив се решени 216 предмети,  или 87,44 %, а останале за решавање уште 31 предмети против полнолетни лица или 12,55%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 312 кривични предмети за полнолетни лица , во извештајната година тој број е намален за 65  предмети.

**РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Во извештајната година  овој суд постапувал и по  разни кривични предмети во кој спаѓаат: кривичните замолници, во работа биле 2 решена е 1 во извештајната година,  разни истражни дејствија  и кривични предмети по уписник „КР„ одлуки на кривичен совет „КС„ условен отпуст , помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка, во извештајната година од овој вид на предмети- одлуки на кривичен совет „КС, вкупно во работа биле 238 предмети од кој решени се 233 предмети, или 97,89%, а останале за решавање уште 5 предмети или 2,1%.

**ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

На 01.01.2017 година останале нерешени 124 предмети. Ново примени во работа во извештајната година се 1094 предмети и 35 повторно заведени предмети или вкупно во работа биле 1253

прекршочни предмети.

Во 2017 година се решени 1141 предмети или 91,06%, предмети, а останале за решавање уште 112 предмети или 8,9%.

Споредбено со претходната година кога имало во работа 1211 прекршочни предмети , во извештајната година тој број е зголемен за 42 предмети.

**ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ**

На 01.01.2017 година останати незавршени предмети биле 102 ,ново примени во текот на извештајната година има 1793 предмети, или вкупно во работа биле 1895 предмети, од кои решени се 1796 предмети, или 94,77%,а останати се за решавање 99 предмети или 5,22%.

На ниво на кривичен оддел може да се констатира дека во претходната година останале нерешени 294 предмети, ново примени предмети во кривичен оддел се 3472 предмети , вкупно во работа во извештајната година биле 3766 предмети, од кои решение се 3517 предмети, или 93,38%, а останале нерешени 249 предмети, или 6,61%.

**ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ**

На 01.01.2017 година останале нерешени 633 предмети, ( спорови од мала вредност, имотни спорови-основна надлежност, семејни спорови, работни спорови, платни налози по приговор, приговори против налог за извршување и стечај), примени во извештајната година се 1843 предмети , или вкупно во работа биле 2476 предмети, од кои решени се 1991 предмети, или 80,41 % а останале за решавање уште 485 предмети, или 19,58%.

Може да се констатира дека во овој оддел има зголемување приливот на предметите од предходната година и тоа кај работните односи и предметите од мала вредност.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

На 01.01.2017 година останале 489 предмети ( разни вонпарнични предмети, ЗАВ Х апостили, ЗАВ , Замолници, оставини, физички делби, останати ВПП предмети, О1,) а примени во извештајната година се 4395 или вкупно во работа биле 4884 предмети, од кои решени се 4451 предмети, или 91,13 %,( 943 разни вонпарнични предмети, 2513 ЗАВ-Х апостили, , 23 замолници, 465 оставински предмети, 52 физички делби, 406 останати ВПП предмети и 8 оставински решени од судот), а останале за решавање уште 433 предмети или 8,86%.

На ниво на граѓанскиот оддел во кој се опфатени и разните вонпроцесни предмети ,оставините и приговорите против налогот за

извршување,разните „Р„ предмети останати од 2016 година биле 1122 предмети, ново примени во текот на извештајната во овој оддел се 6238 предмети, или вкупно во работа биле 7360 предмети од кој решени се 6442 предмети, или 87,52%, а останале за решавање 918 предмети или 12,47%.

## АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА НА СУДОТ

Во текот на на извештајната 2017 година, биле во работа вкупно 765 предмети( предмети од СУ.СУ ДОВ.СТ.ДОВ.,иземање на судија, слободен пристап до информации , преставки и поплаки) и сите се решени. Согласно законските овластувања и одредбите од Судскиот деловник по истите постапува Претседателот на судот .

| Судска Управа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет од уписник** | **Нерешени предмети на почетокот на годината** | **Новопримени предмети** | **Погрешно заведени** | **Вкупно предмети во работа** | **Решени предмети** | **Останати нерешени предмети** |
| **Су - Су-07** | | **714** | | **714** | **714** | |
| **Су-ДОВ и СУ-СТРДОВ** | | **2** | | **2** | **2** | |
| **СУ-ИЗЗ** | | **29** | | **29** | **29** | |
| **УПП** | | **5** | | **5** | **5** | |
| **СПИ** | | **15** | | **15** | **15** | |
| **Вкупно** | | **765** | | **765** | **765** | |

АЖУРНОСТ

## АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Совладувањето на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите ја чини ажурноста на судот.

а) Според критериумот совладување на приливот на предметите судот се смета за ажурен ако го совлада приливот на предметите во текот на годината.Од прегледот може да се заклучи дека од приливот во текот на годината во Основниот суд Кичево и тоа 15657 предмети решени се 15903 предмети или 101,57%,што значи дека во извештајната година овој суд работел ажурно и го совладал приливот.

б) Ажурност спрема бројот на стари нерешени предмети.

Спрема овој критериум за стари нерешени предмети се сметаат незавршените предмети кој за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година

Стари нерешени предмети во кривичен оддел има само 8 предмети (1КПП и 7 Куикп) , во граѓански оддел 45 предмети (4 облигациони ,1 работен однос, 8 имотни спорови, семеен спор,3 мала вредност, 22 вонпарнични предмети,1 платен налог по приговор и 4 физички делби), има 1стари нерешени предмети стечај, и 95 оставини кои се кај нотарите .На почеток на 2017 год. останати старите предмети имало 31 (без оставини), новопримени се 75 , вкупно во работа биле 106 предмет од кои се решени 53 ,а останале за решавање 53 предмет, што значи дека спрема овој критериум овој суд не е ажурен.

в) Ефикасност и ажурност на судот спрема времето на решавање на заостатокот на предметите.

Согласно овој критериум како апсолутно ефикасен суд ќе се смета оној суд кој има заостаток на предмети кој предмети судиите можат да ги завршат во време до 3 месеци. Како ефикасен суд со месечен заостаток на предмети во работа за решавање до 6 месеци, релативно ефикасен суд до 1 година, а сите судови кај кој заостатокот на нерешени предмети изнесува над 1 година или повеке ке се смета како неефикасен су
Во прегледот се дадени нерешени предмети на 31.12.2016 година а вкупно биле 1416 предмети, потоа даден е просек на решени предмети во текот на извештајната година за 11 месеци. Вкупно решените 15.903 предмети со заостатокот на предметите од 1416 се подели ке се добие за кој временски период овој заостаток на предмети судиите ке можат да го завршат односно дали за 3 месеци, 2 месеци или 1 месец. Согласно овој критериум Основниот суд во Кичево е апсолутно ефикасен, бидејки заостатокот на предметите може да го реши за помалку од 1 месец. (15.903 : 11= 1445) ( 1416:1445 = 0,97)

## КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ

## КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Од вкупно решените 216 предмети , се обжалени 60 одлуки, или 29,78% а вратени предмети од второстепениот суд се 62 предмети или 28,70%, од кои , потврдени се 46 предмет или 74,19%, укинати 7 предмети или 11,29%, со одлука отфрлена 2 предмети или 3,22% , преправени 6 предмети или 9,67 % и 1 одлука делумно укината или 1,61%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел , е следен : од вкупно решените 216 предмети укинати се 7 предмети или 3,24%, а преиначени е 6 предмети или 2,77%.

**ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 1141 прекршочни предмети обжалени се 147, а вратени од второстепениот суд се 125 предмети или 10,95 %, од кои , потврдени се 89 предмети, или 71,2%, укинати 24 предмети или 19,2% , преиначени 8 предмети или 6,4% и со одлука отфрлена 4 предмети или 3,2%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 1141 предмети укинати се 24 предмети или 2,10%, а преиначени се 8 предмети или 0,70%.

| Квалитет на предмети на ниво на оддел-кривичен | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Решени предмети** | **Потврдени** | | **Укинати** | | **Преиначени** | |
| **Број** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **Број** | **%** |
| **1590** | **152** | **9,55** | **35** | **2,20** | **14** | **0,88** |

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

**ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 1991 предмети ( спор од мала вредност, имотни спорови, облигациони спорови, работни и семејни спорови, приговор против платен налог, повторување на постапка, ПИ, приговор против налог за извршување ) обжалени се 957 предмети, а вратени од второстепениот суд се 661 предмети или 33,19%, од кои , потврдени се 466 предмети, или 70,49 %, укинати 115 предмети или 17,39 %, , 55 предмети се преиначени или 8,32%, делумно укинати 24 предмети или 3,63%.

Соодносот на укинатите и преиначените предмети во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 1991 предмети укинати се 115 предмети или 5,77%, а преиначени се 55 предмети или 2,76%.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 439 предмети, физички делби , ВПП предмети оставина по приговор,обжалени се 36 предмети, а вратени од второстепениот суд се 32 предмети, од кои потврдени се 16 предмети или 50%, 15 предмети се укинати или 46,87%, 1 одлука делумно укината или 3,12 %.

Соодносот на укинатите во однос на решените во овој оддел е следен : од вкупно решените 439 предмети, укинати се 15 предмети или 3,41%, а преиначени нема.

| Квалитет на предмети на ниво на оддел-граѓански | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 2430 | 482 | 19,83 | 130 | 5,34 | 55 | 2,26 |

| Квалитет на предмети на ниво на суд | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Решени предмети | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
| Број | Број | % | Број | % | Број | % |
| 4020 | 634 | 15,77 | 165 | 4,10 | 69 | 1,71 |

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ**

Вкупно во работа биле 795 предмети од кои 465 предмети се решени од страна на поверениците на судот –Нотарите.

Работата во Основен суд Кичево во извештајната година се одвиваше преку следните оддели:

**-КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**
**-ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**
**-ОДДЕЛ ЗА СУДСКА УПРАВА**

**Во кривичниот оддел** на кој Претседател беше судијата Флутурије Дервиши , работеа 5 вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Претседателот на судот М-р **Баки Алили** на оваа функција беше избран од 11.03.2010 година, а како судија во овој суд е избран од 2008 година,а како Претседател на судот се до 11.03.2014 кога му престана мандатот, па работеше како кривичен судија. Од мај месец 2015г. повторно е Претседател на судота и во извештајната година. И во извештајната година нема отсаствувано од работа, поради боледување или друга причина.

-**Мира Анѓелеска -** судија избрана за судија во овој суд 1996 година,беше Претседател на судот од 2006 година , па се до 28.02.2010 година . Во извештајната година работеше во кривичниот оддел и постапуваше по кривични предмети за полнолетни лица и прекршочни предмети и како член на кривичен совет. Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Флутурије Дервиши**-Претседател на кривичен оддел и судија за извршување на санкции., за судија избрана за прв пат на 18.05.2005 година

Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Билјана Кижеска -** судија Избрана за судија во овој суд на 25.03.2010 година.Во извештајната година работеше исклучиво по кривични предмети за полнолетни лица и прекршочни предмети, и како член на кривичен совет.Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Исмаил Елези -**судија Избран за судија во овој суд од август 2013 година. Во извештајната година работеше по прекршочни и граѓански предмети , и како судија на претходна постапка . Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина

**Во граѓанскиот оддел** (вонпарничен и извршен оддел) работеа 6 судии , како Претседател на оддел е судијата Миле Анѓелески.

-**Јованка Стојаноска** -Претседател на граѓански оддел се до месец мај 2015г, првпат е избрана за судија 1990 година, а во 1996 година е реизбрана за судија во овој суд. Во извештајната година исклучиво работи во граѓанскиот оддел и (вонпарничен оддел). Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Јагода Никодиноска** -судија е избрана 1997 година.Во извештајната година работи исклучиво во граѓанскиот оддел и (вонпарничен оддел). Во извештајната година има отсаствувано од работа поради боледување .

-**Драган Атанаскоски**-судија е избран 1997 година.Во извештајната година работи исклучиво во граѓанскиот оддел и (вонпарничен оддел). Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување .

-**Миле Анѓелески** -судија избран е 1996 година. Во извештајната година работи исклучиво во граѓански оддел и (вонпарничен оддел) и е Претседател на граѓански оддел.Во извештајната година нема отсаствувано од работа проради боледување или друга причина.

-**Драган Миноски**- судија , избран е 1999 година.Во извештајната година работи во граѓанскиот оддел и (вонпарничен оддел. Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

- **Амдије Зенку**- судија , избрана за судија во Основен суд Кичево на 25.03 2010 година.Во извештајната година работеше исклучиво на граѓанска материја и (вонпарничен оддел) Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување .

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

По однос на човечките ресурси односно административниот персонал вкупно вработени во извештајната година се 54 вклучувајќи ја судската полиција како и вработените согласно Закон за работни однос, во текот на месец ноември на едно лица му престана работниот однос по негово барање , или вкупно 53 административен персонал и 11 судии.

Напоменуваме дека голем број на административниот персонал е во поодминати години, па во извештајната година постојано имаше лица кои беа на боледување . Има недостатокот од судски административен персонал дактилографи иако согласно систематизација ни се предвидени 22 работно места, а пополнети се 8, , иако повеќе пати баравме до Стручната служба при Судскиот буџетски совет да ни одобрат вработување на ваков кадар ,тоа нешто не се случи.

Согласно новата систематизација за работни места предвидени се 36 работни места за судски службеници со 151 извршител за тие работни места , вклучувајки ги тука судската полиција и вработените согласно законот за работни односи, па сметаме дека во текот на 2018 година ќе треба да се пополнат поголем дел од нив.

Треба да се има во предвид дека поголем дел од предвидените работни места не се потполнети, а посебно стручните работни места - советник, виш соработник, стручен соработник, приправник, а од административните не се пополнети работни места дактилографи, архивар, самостојни судски референти, судски референти извршители и други административно технички службеници за да може нормално и секојдневно да функционира судот.

Во извештајната година од предвидените 2 работни места судски советник пополнето е само едно, од предвидените 14 извршители за работни места стручни соработници беа пополнети 6 а од предвидените 14 работни места помлад судски соработник пополнети се само 4. Стручниот кадар има придонес во работењето и е од големо значење , бидејќи истите многу придонесоа во спроведување на Акмис системот посебно во анонимизарање на одлуките, но постојниот број на судски службеници воопшто не овозможува истите ефикасно да ја помагаат

работата на судијата бидејќи истите се распоредени да работат со двајца или повеќе судии.

Во извештајната година судот работеше со 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, но еден судија три и пол месеци користеше боледување, носителите на судската функција ги исполнија задолжителните часови во Академијата за обука на судии и јавни обвинители и нивни заменици. Исто така дел од судската администрација посети неколку обуки организирани од страна на Академијата.

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во канцеларијата за односи со јавноста во извештајната година, нема поднесени писмени барања за одредени прашања , но најчесто поставувани се телефонски прашања по однос најчесто на граѓански предмети, до каде е постапката или дали предметот се вратил од по жалба и на истите е одговарано телефонски.

По законот за слободен пристап на информации од јавен карактер во извештајната година примени се неколку барања на истите е одговорено ,се прави записник и до подносителот се доставува известие за бараната информација.

На ВЕБ страната на судот во текот на годината објавени се мал број на предмети , а причина што се објавуваат мал број на предмети е недоволниот број на кадри кои ќе ја вршат анонимизацијата и честата преоптовареност на системот.

За денот на Европската граѓанска правда во судот беше организиран отворен ден за граѓаните.

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

По однос на информатичката опрема треба да се напомене дека и во 2017 година судот ја користеше истата опрема компјутери и штампачи од предходните години која е доста застарена и не можеше да се одговори на обемот на работењето , од причини што компјутерите поради нивната дотраеност се доста спори и често доаѓаше до расипување на дел од компјтерската опрема и до нивно блокирање и во текот на судењето, па има потреба од понова и побрза компјутерска опрема.

Согласно капиталните инвестиции, за 2017 ни беа одобрени средства за набавка на компјутери пред крајот на годината , која набавка не успеавме да ја реализираме поради краткото време.

По однос на примена на програмски апликации во судот, се применуваат апликации кои ќе доведуваат до олеснување на работењето на сите вработени .

По однос на просторните услови за работа на овој суд ,треба да се спомене дека има потреба од воведување шалтерски систем кое барање беше доставено до Судски буџетски совет, веќе неколку години наназад. Пет простории од судската зграда користат ОЈО Кичево и ДП Кичево па доколку се изнајде решение за ослободување на овие простории состојбата значително би се подобрила.

**ЈАВНИ НАБАВКИ**

Во тековната година беа спроведени сопствени набавки и тоа:

-Набавка на тонери, избран добавувач ДТПУУ „ТЕХНОШОП-ОРИНК„ ДОО-Гевгелија, вредност на набавката 52.910,00 ден.со ДДВ

-Набавка на канцелариски материјали, избран добавувач ДПТУ ДООЕЛ „ЕКОС„ Тетово, вредност на набавката 67.643,00 ден.со ДДВ.

-Набавка на гориво за затоплување, избран добавувач ДППУ „Пуцко Петрол“ с.Ижиште,М.Брод, вредност на набавката 699.976,00 ден. со ДДВ.

-Набавка на печатени материјали, избран добавувач ДТПУ„АСТИГ ТРЕЈД ДООЕЛ„ Битола,вредност на набавката 58.174,00 ден. со ДДВ.

-Набавка на гориво за службените возила , избран добавувач ДТПУ „Пуцко Петрол с.Ижиште, М.Брод, вредност на набавката 67.200,00 ден. со ДДВ.

**ФИНАНСИРАЊЕ И ОПРЕМА НА СУДОТ**

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедуваше средства за своето работење од страна на Буџетот на Република Македонија. Овде треба да се напомене дека по однос на материјално финансиското работење, почетното салдо на неизмирени обврски пренесени од 2016 година изнесуваше 4.122.614,00 денари неизмирени обврски (од кои 2.642.163,00 ден.се обврски од плата , а останатиот дел на износ од 1.480.451,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури и решенија.) , а 2017 ја завршивме со неизмирени обврски од 2.855.808,00 денари, (од кои 2.606.294,00 ден.се обврски од плата , а останатиот дел на износ од 249.514,00 ден. се однесуваат на неизмирени обврски од фактури и решенија ).

На ставка 425 каде што се исплаќаат поротници, вешти лица, адвокати и осигурување имаме неизмирени обврски од 228.949,00

денари кои се однесуваат на обврски кон МВР за кои се чека одобрување од странан на СБС за да се исплатат.

Споредбено со 2016 година во 2017 година салдото на неизмирените обврски е доста намалено.

Во тековната година извршена е реализација:од ставка 401 износ од 23.048,825,00ден, од ставка 402 износ од 8.533,135,00ден.,од ставка 404 износ од 7.950,00ден., од ставка 420 износ од 3.995,00 ден.,од ставка 421 износ од 3.457.791,00 ден., од ставка 423 износ од 179.479,00 ден., од ставка 424 износ од 180.202,00ден., од ставка 425 износ од 608.127,00ден, од ставка 426 износ од 102.094,00ден, од ставка 464 износ од 952.177,00ден. и од ставка 465 сума во износ од 237.130,00 ден. или вкупна реализација од 37.310.905,00ден (во текот на годината имаше зголемување на одобрениот план .)

## ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Анализирајќи ја целокупната работа на судот за 2017 година може да се констатира дека поради сестраното ангажирање на судиите и судските службеници, како и судската адиминистрација во целина Основен суд Кичево во 2017 година покажа квантитативни и квалитативни резултати од кои може да се извлече заклучок дека судот го совлада вкупниот годишен прилив на нови предмети а го намали заостатокот на предметите.

Во насока на остварување на принципот на транспарентност во извршување на функцијата на судот, преземени се мерки и активности со цел информирање на јавноста за сите аспекти на функционирањето на судот како битен сегмент на судската власт, изразени преку објавување на донесените одлуки и тековни активности на web страницата на судот, истакнување на листата на закажани судења на видео огласната табла во судот и ажурирање на комуникацијата по електронска пошта, сето заради зголемување на правната сигурност и довербата во правосудниот систем на Република Македонија.

Во сите сегменти од работењето, Основниот суд Кичево ќе продолжи со заложбите за ажурно и квалитетно водење на постапките со интензивирање на процесот на целокупното работење преку засилен личен ангажман на судиите во насока на решавање на поголем број предмети, подобрување на квалитетот во пресудувањето, постојано стручно усовршување на судиите и судската администрација, почитување на Кодексот на судската етика од страна на судиите и Кодексот на однесување на судската администрација, сето во функција на зголемување на ефикасноста и ажурноста на судот.

ПРИЛОГ: Табели

Претседател на судот,
М-р Баки Алили